**ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР А.Д. - СКОПЈЕ**
**Кеј 13 Ноември, кула 2/4**

Жиро сметка: 270000001014410, ДДВ број: МК4030996238564, Депонент: ХАЛКБАНК АД Скопје
Тел.: 02/3120-395, 3120-177; Сектор за комерцијални работи и маркетинг: 02/3120-347
Сектор за финансиски и сметководствени работи: 02/3134-083
E-mail: contact@gtcskopje.com.mk

Врз основа на член 387, а во врска со член 384 од Законот за трговските друштва и член 46 од Статутот на Градски Трговски Центар А.Д. - Скопје, Одборот на директори на Друштвото објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за одржување годишно собрание на Градски Трговски Центар А.Д. - Скопје

1. Се свикува годишно собрание на Градски Трговски Центар Акционерско друштво за издавање деловен простор под закуп - Скопје.
2. Собранието ќе се одржи на ден **25.06.2026 година (четврток)** со почеток во **10,00 часот,** во салата за состаноци во Градски Трговски Центар А.Д. - Скопје, Кеј 13-ти Ноември кула 2, 4-ти кат, Скопје.

Собранието на седницата ќе работи по следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**I. Процедурален дел:**

1. Отворање на Годишното собрание
2. Избор на претседавач со Годишното собрание
3. Избор на записничар на собранието - именување на нотар за водење на записникот на Годишното собрание

Усвојување на Записник од претходна седница на Собрание на акционери на Градски Трговски Центар А.Д. - Скопје одржана на 16.07.2025 година

**II. Работен дел:**

1. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на ревидирана Годишна сметка за 2025 година и финансиски извештаи за 2025 година на Градски Трговски Центар А.Д. - Скопје
2. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на Годишен извештај на Градски Трговски Центар А.Д. - Скопје за 2025 година.

3. Донесување на Одлука за усвојување на Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2025 година
4. Донесување на Одлука за покривање на загуби од минати години (2025 година) по Годишна сметка, Финансиски извештаи и Годишен извештај за работењето на Градски Трговски Центар А.Д. Скопје за 2025 година
5. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2025 година
6. Донесување на Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2026 година, односно годишната сметка за 2026 година

Собранието одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред. Вклучувањето на нови точки во дневниот ред може да се врши само по писмен пат, на начин утврден во член 390 од Законот за трговските друштва. Право на учество во работата и право на глас во собранието има секој акционер лично или од него овластено лице кое ќе го застапува на собранието, со писмено полномошно заверено кај нотар, за што акционерот мора да го извести Друштвото по писмен пат. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

Вкупниот број на акции според акционерската книга на Друштвото издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност изнесува 1846325 со право на глас.

Секој акционер кој има намера да учествува на собранието должен е да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата во Секторот за правни и општи работи на ГТЦ А.Д. - Скопје заради евидентирање во списокот за присуство.

Материјалите по точките од дневниот ред може да се разгледуваат во седиштето на Друштвото, во Секторот за правни и општи работи (на 5-ти кат) или на веб-страната на Друштвото www.gtcskopje.com.mk.

Гласањето на собранието е јавно. Собранието може да одлучува ако на седницата присуствуваат акционери или нивните овластени претставници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас, а одлуките се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на седницата на Собранието.

**ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР А.Д. - СКОПЈЕ**

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**